**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 47 став 1 точка 6 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10, 123/12 и 43/14) и член 35 став 1 од Законот за девизно работење („Службен весник на РМ", бр. 34/01, 49/01, 103/01, 51/03, 81/08, 24/11, 135/11 и 188/13), Советот на Народната банка на Република Македонија донесе

# О Д Л У К А
## за начинот на формирање и објавување на курсевите на Народната банка на Република Македонија
## (неофицијален пречистен текст)[1]

1. Со оваа одлука, Народната банка на Република Македонија (во понатамошниот текст: Народната банка) го утврдува начинот на формирање и објавување на курсевите за странските валути во денари.

2. Народната банка формира средни курсеви за странските валути, утврдени во Курсната листа на Народната банка (во понатамошниот текст: Курсната листа) којашто е дадена во прилогот 1 на оваа одлука.

Со средните курсеви се искажува цената во денари за една единица странска валута, заокружена на четири децимални места.

Согласно со Законот за девизно работење, средните курсеви се користат за книговодствено искажување на побарувањата и обврските изразени во странски платежни средства согласно со прописите за сметководствено работење и за потребите на платниот биланс.

3. Средниот курс за еврото, во смисла на оваа одлука, се пресметува секој работен ден во 16 часот, како средна вредност од котираните куповни и продажни курсеви за еврото во денари меѓу банките-поддржувачи на девизниот пазар, со примена на следнава формула:

$$SV = \frac{\sum_{i=1}^{n} Ai}{n}$$

каде што:

$SV$ = средна вредност од котирани куповни и продажни курсеви на банките-поддржувачи на одреден ден;

$Ai$ = средна вредност од котации на банка-поддржувач $i$, утврдена согласно со став 4 од оваа точка;

$n$ = број на банки-поддржувачи коишто котираат.

Средната вредност од котациите на банка-поддржувач се пресметува од котираните куповни и продажни курсеви коишто се во рамки на утврдените маргини на отстапување од интервентните курсеви на Народната банка.

---

[1] Ова претставува неофицијален пречистен текст на Одлуката за начинот на формирање и објавување на курсевите на Народната банка на Република Македонија. Неофицијалниот пречистен текст на Одлуката за начинот на формирање и објавување на курсевите на Народната банка на Република Македонија ги опфаќа Одлуката за начинот на формирање и објавување на курсевите на Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/14), Одлуката за начинот на формирање и објавување на курсевите на Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.102/14) и Одлуката за изменување на Одлуката за начинот на формирање и објавување на курсевите на Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија„ бр.14/15).

Маргините на отстапување на котираните куповни и продажни курсеви на банките-поддржувачи се утврдуваат со одземање, односно додавање на 0,07 денари за евро од интервентниот куповен, односно продажен курс на Народната банка.

Средната вредност од котациите на банка-поддржувач се пресметува секој работен ден, во 16 часот, со примена на следнава формула:

$$Ai = \frac{\sum_{j=1}^{t} \frac{Bid_{ij} + Ask_{ij}}{2}}{t}$$

$\forall Bid_{ij} \geq$ (куповен интервентен курс - 0,07) и $\forall Ask_{ij} \leq$ (продажен интервентен курс + 0,07)

каде што:
$Ai$ = средна вредност од котации на банката $i$;
$Bid$ = котација за купување евра на банката $i$;
$Ask$ = котација за продавање евра на банката $i$;
$t$ = број на котации на банката $i$;
$j$ = реден број на котација на банката $i$;
куповен интервентен курс = котација за купување евра за денари утврдена од страна на НБРМ;
продажен интервентен курс = котација за продажба евра за денари утврдена од страна на НБРМ.

За пресметка на средната вредност од котираните куповни и продажни курсеви меѓу банките-поддржувачи, потребно е да котираат најмалку две банки-поддржувачи.

Доколку котира една банка-поддржувач, се смета дека средната вредност за тој ден е еднаква на средната вредност од претходниот работен ден.

4. Средните курсеви за останатите валути од Курсната листа се пресметуваат врз основа на дневните референтни курсеви на еврото со останатите валути, објавени од страна на Европската централна банка.

Во услови кога Европската централна банка нема објавено дневни референтни девизни курсеви, средните курсеви за останатите валути се пресметуваат врз основа на пазарните курсеви објавени на електронските информативни системи за меѓународните финансиски пазари.

5. Народната банка ги применува средните курсеви за валутите од Курсната листа, од реден број 1 до реден број 10, со додавање и одземање на 0,5%, како продажни и куповни курсеви во трансакциите со државните органи.

По исклучок од став 1 од оваа точка, Народната банка го применува средниот курс од Курсната листа:

- за купопродажните трансакции со државните органи коишто се извршуваат во текот на ист ден и кога за плаќањата на државните органи кон странство се користат средства од девизната сметка на државните органи кај Народната банка во иста валута како и валутата на плаќањата,
- во случај кога се вршат трансфери од и кон кредитните револвинг девизни сметки на државните органи што се водат во Народната банка, и
- за купопродажни трансакции со државните органи за плаќања кон странство регулирани со договори склучени со Народната банка.

Продажните и куповните курсеви од став 1 од оваа точка се објавуваат на интернет-страницата на Народната банка.

6. Курсната листа се објавува на интернет-страницата на Народната банка, како и на електронските информативни системи за меѓународните финансиски пазари, најдоцна до 17:00 часот секој работен ден, а важи од 00:00 часот следниот ден, до почетокот на важење на новата Курсна листа.

7. На денот на започнувањето со примена на оваа одлука престанува да важи Одлуката за начинот на формирање и објавување на курсевите на

Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија", бр. 13/2010).

8. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на нејзиното објавување во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јули 2014 година.

**Гувернер**
**и претседавач**
**на Советот на Народната банка**
**на Република Македонија**
**Димитар Богов**

Прилог 1

Курсна листа на Народната банка на Република Македонија
формирана на ________ којашто се применува од 00:00 часот на _______ до почетокот на
важењето на новата Курсна листа

| | | Држава | Шифра | Валута | | Единици валута | Среден курс во денари |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | | ЕМУ | 978 | евро | EUR | 1 | |
| 2. | | САД | 840 | САД- долар | USD | 1 | |
| 3. | | Велика Британија | 826 | британска фунта | GBP | 1 | |
| 4. | | Швајцарија | 756 | швајцарски франк | CHF | 1 | |
| 5. | | Шведска | 752 | шведска круна | SEK | 1 | |
| 6. | | Норвешка | 578 | норвешка круна | NOK | 1 | |
| 7. | | Јапонија | 392 | јапонски јен | JPY | 1 | |
| 8. | | Данска | 208 | данска круна | DKK | 1 | |
| 9. | | Канада | 124 | канадски долар | CAD | 1 | |
| 10. | | Австралија | 036 | австралиски долар | AUD | 1 | |
| 11. | | Бугарија | 975 | бугарски лев | BGN | 1 | |
| 12. | | Чешка | 203 | чешка круна | CZK | 1 | |
| 13. | | Унгарија | 348 | унгарска форинта | HUF | 1 | |
| 14. | | Полска | 985 | полска злота | PLN | 1 | |
| 15. | | Романија | 946 | нов романски леу | RON | 1 | |
| 16. | | Хрватска | 191 | хрватска куна | HRK | 1 | |
| 17. | | Турција | 949 | турска лира | TRY | 1 | |
| 18. | | Русија | 643 | руска рубља | RUB | 1 | |
| 19. | | Бразил | 986 | бразилски реал | BRL | 1 | |
| 20. | | Кина | 156 | кинески јуан | CNY | 1 | |
| 21. | | Хонг Конг | 344 | хонгконшки долар | HKD | 1 | |
| 22. | | Индонезија | 360 | индонезиска рупија | IDR | 1 | |
| 23. | | Израел | 376 | израелски шекел | ILS | 1 | |
| 24. | | Индија | 356 | индиска рупија | INR | 1 | |
| 25. | | Јужна Кореја | 410 | јужнокорејски вон | KRW | 1 | |
| 26. | | Мексико | 484 | мексикански песо | MXN | 1 | |
| 27. | | Малезија | 458 | малезиски рингит | MYR | 1 | |
| 28. | | Нов Зеланд | 554 | новозеландски долар | NZD | 1 | |
| 29. | | Филипини | 608 | филипински песо | PHP | 1 | |
| 30. | | Сингапур | 702 | сингапурски долар | SGD | 1 | |
| 31. | | Тајланд | 764 | тајландски бахт | THB | 1 | |
| 32. | | Јужна Африка | 710 | јужноафрикански ранд | ZAR | 1 | |